ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 27 ДАТА 13.07.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 27 ДАТА 13.07.2022г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБАОР НА ФФМ
- РЕШЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 05.07.2022 година**

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ АД од Струга и фудбалерите: Фатјон Јусуфи, Абдулхади Јахја, Ард Касами и Бесарт Бојку склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години, до Летен преоден рок 2024 година, односно до 14.06.2024 година.

**Седница од 12.07.2022 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ„ АД Струга: Ибраими Бесарт од Фудблскиот клуб „Ксанти„ од Република Грција, Гавазај Енис од Фудбалскиот клуб „Динамо„ Тирана од Република Албанија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ АД од Струга и фудбалерот Бесарт Ибраими склучија договор за вработување на фудбалер во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2024 година, односно до 14.06.2024 година.

Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ АД од Струга и фудбалерот Гавазај Енис склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2023 година, односно до 14.06.2023 година.

Фудбалскиот клуб „Струга Трим, Лум„ АД од Струга и фудбалерот Китановски Кристијан склучија договор за вработување на фудбалер за профеисонално занимавање со фудбал во времетраење од 3 години до Летен преоден рок 2025 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга фудбалерот Фатмир Ариф од Фудбалскиот клуб „Кораби„ од Дебар, поради преминување со регистрација на територија на друг Општниски фдубалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Седница од 12.07.2027 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР„ АД Битола: Наумоски Ѓ. Никола од Фудбалскиот клуб „Вардар„ АД од Скопје, по член 35/3.

ЖФК „ТОП ГОЛ„ Битола: Павловска Б. Натали од ЖФК „Атлетико„ од Битола, по чл. 35/10.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Јусуф Алпај, Талевски Стефан и Ричков Андреј, од Фудбалскиот клуб „Пелистер„ АД од Битола и Павловска Јована од Женскиот Фудбалски клуб „Атлетико„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 12.07.2022 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕСА„ с. Добри Дол: Зеќири Ардит, Гаши Генц, Скендери Љавдрим, Ќаили Валтрим од Фудбалскит клуб „КФГ Гостивар„ АД од Гостивар, Костовски Кристијан од Фудбалскиот клуб „Вардар„ АД Скопје,Велии Хадис од Фудбалскиот клуб „Ренова„ АД од с. Џепчиште, Ариф Фатмир од Фудбалскиот клуб „Кораби„ од Дебар, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Гостивар, фудбалерте: Хасани Игли и Андоновски Дарко од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар„ АД од Гостивар, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери од ОФС Гостивар фудбалерот Нухии Фламур од ФК „Генчкалемлерспорт„ од с. Д. Бањица поради преминување со регистрација на територијана друг Општински фудбалски сојуз (меѓународен трансвер).

**Седница од 12.07.2022 година**
**за ОФС Тетово**

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденцја на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Митров Михајло од Фудбалскиот клуб „Тетекс 1953„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница од 12.07.2022 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ„ АД Скопје: Митев Петар, Митров Михајло од ФК „Тетекс 1953„ од Тетово, Јусуф Алпај од Фудбалскиот клуб „Пелистер„ АД од Битола, по член 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Скопје„ АД од Скопје и фудбалерите Миетв Петар и Митров Михајло склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година Летен преоден рок 2023 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фаудбалери од Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудблерот Пецов Хистијан од ФК „Скопје„ АД од Скопје поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува професионалниот договор склучен помеѓу фудбалерот Јусуф Алпај и ФК „Скопје„ АД Скопје, поради некомплетна документација (доставен е неисправен М1 и М2).

**ОПШТИНСК ФУДБЛАСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 12.07.2022 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПАРТИЗАН ФУДБАЛ КИДС„ Скопје: Османи С. Емир по член 35/1.

ЖФК „СКОПЈЕ 2014„ Скопје: Боглева Мартина од ЖФК „Истатов„ Нов Дојран, Стоиловска С.Емилија од ЖФК „Луботен„ од Тетово, Грозданова Г. Меланија од ЖФЛ „Кул Здравје„ Скопје и Емини Љ. Медина од ЖФК„Шкендија„ од Тетово, по чл.35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП**
**Седница од 12.07.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008„ АД Скопје: Ристевски М. Александар од КФ „Приштина„ од Република Косово, по член 35/11.

- **Склучување на прфесионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008„ АД од Штип и фудбалерот Ристевски М. Александар склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2023 година.

- **Отстапување на фудбалер во странство:**

Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008„ од Штип го отстапува фудбалерот Јован Манев на Фудбалскиот клуб "Адана Демирспорт А.С.„ од Република Турција во натпреварувачката 2022/2023 година, односно до 30.06.2023 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 05.07.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932„ АД Скопје: Ѓурѓевиќ Фахрудин од Фудбалскиот клуб „Влазнија„ од Република Албанија, по член 35/11.

- **Склучување на пофесионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Македоња ЃП 1932 АД„ Скопје и фудбалерот Ѓурѓевиќ Фахрудин склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2023 година.

**Седница од 12.07.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932„ АД Скопје: Христијан Пецов од ФК „Скопје„ АД од Скопје, Скендери Емир од ФК „Струга Трим Лум„ АД од Струга, по член 35/3.

- **Склучување на професионани догвоори:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927„ АД од Скопје и фудбалерот Брдаровски Владица склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2023 година.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскот клуб „Шкупи 1927„ АД од Скопје фудбалерот Спирковски Благоја го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Алберт Ламане Диене од Сенегал за Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927„ АД од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација, нема сертификат, одобрение од Меѓународната комисија на Фудбалската Федерација на Македоња и Барање од Министерството за внатрешни работи на РСМ за привремен пресој во Република Северна Македонија. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2025 година.

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1703/3
08.07 2022 год.

Врз основа на член 109 и член 111 став 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 08.07.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа :

   На седницата одржана на ден **31.05.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1360/2
   - Одлука со деловоден број 0202-1360/3

   На седницата одржана на ден **20.06.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1514/2

   На седницата одржана на ден **24.06.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1551/2

   На седницата одржана на ден **30.06.2022** година:
   - Одлука со деловоден број 0202-1576/2
   - Одлука со деловоден број 0202-1576/3

2. Одлуката стапува на сила веднаш и истата ќе се објави во Макфудал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 08.07.2022 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA
ФФМ
СКОПЈЕ SKOPJE

Деловоден број 0202-1703/3

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1703/4
08.07 2022 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 08.07.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат предложените листи бр. 13-1691/1 од 06.07.2022 година од Одборот на судии на Фудбалската Федерација на Македонија и тоа:

   - Главни судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Перспективни судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Асистенти судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Перспективни асистенти судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Главни судии на единствена листа на Прва и Втора ЖФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Асистенти судии – жени на единствена листа на Прва и Втора ЖФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
   - Контролори на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2022/2023;
2. Одлуката и листите од точка 1 на оваа одлука да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".
3. Одлуката стапува на сила веднаш.

**Образложение**

Управниот одбор на седницата одржана на 08.07.2022 година , имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2022/2023, ги разгледа листите на одборот за судии за натпреварувачката 2022/2023 година, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1703/4

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1703/5
08.04 2022 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 08.07.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се усвојува листа на делегати за Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка сезона 2022/2023 година.

2. Одлуката и Листата на делегати за Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка сезона 2022/2023 ќе се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 08.07.2021 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2022/2023 година, ги разгледа предлозите за делегати на натпревари, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1703/5

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1703/7
08 07 2022 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 08.07.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1.** Се врши измена и дополнување на Правилникот за натпревари на ФФМ во одредбата од **член 107**:

**1.1** се менува став 1 на член 107 на начин што по зборовите „прво место" се додаваат зборовите „или пласман во повисок степен на натпреварување" , во целиот став се брише зборот„односно" (2 пати) и пред зборовите „учество во клупските натпреварувања на УЕФА" се додаваат зборовите„преку бараж натпревар и истиот гласи:

Исклучок во утврдување на пласман на табелата при ист број на бодови се прави доколку е во прашање утврдување на пласман кој одлучува за прво место или пласман во повисок степен на натпреварување, испаѓање од лигата, поминување во повисок или понизок степен на натпреварување преку бараж натпревар и учество во клупските натпреварувања на УЕФА.

**2.** Оваа одлука стапува на сила веднаш, истата да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 08.07.2022 година го разгледа предлогот на одборот на клубови од Прва МФЛ за измена и дополнување на член 107 на начин што исклучокот би ги опфатил и бараж натпреварите кои одлучуваат за поминување во повисок или понизок степен на натпреварување.

По утврдување на целисходност на предлогот, Управниот одбор донесе одлука за измена на Правилникот за натпревари како во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1703/7

ЛИСТА НА ДЕЛЕГАТИ ЗА ПРВА И ВТОРА МФЛ ВО НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2022/2023

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1703/6
08 07 2022 год.

| Број | ОФС | Име и презиме |
|---|---|---|
| 1 | ОФС Битола | Васко Бошевски |
| 2 | ОФС Битола | Марјан Пишмановски |
| 3 | ОФС Битола | Гоце Јовановски |
| 4 | ОФС Битола | Николче Ивановски |
| 5 | ОФС Битола | Никола Масалковски |
| 1 | ОФС Валандово | Тони Донев |
| 2 | ОФС Валандово | Лазар Проданов |
| 3 | ОФС Валандово | Зоран Јовановиќ |
| | | |
| 1 | ОФС Велес | Драган Јорданов |
| 2 | ОФС Велес | Благоја Петров |
| 3 | ОФС Велес | Димче Маневски |
| 4 | ОФС Велес | Борис Леов |
| | | |
| 1 | ОФС Гази Баба | Жанко Савов |
| 2 | ОФС Гази Баба | Јовица Илиевски |
| 3 | ОФС Гази Баба | Боби Стевковски |
| 4 | ОФС Гази Баба | Раман Аети |
| | | |
| 1 | ОФС Гевгелија | Тихо Чурлинов |
| 2 | ОФС Гевгелија | Ристо Танев |
| | | |
| 1 | ОФС Гостивар | Берат Исмаили |
| 2 | ОФС Гостивар | Алберт Јакупи |
| 3 | ОФС Гостивар | Мерсим Зендели |
| | | |
| 1 | ОФС Демир Хисар | Гоце Цветановски |
| | | |
| 1 | ОФС Кавадарци | Зоран Гелов |
| 2 | ОФС Кавадарци | Тони Шалев |
| | | |
| 1 | ОФС Кисела Вода | Драган Блажовски |
| 2 | ОФС Кисела Вода | Иван Путилин |
| | | |

ЛИСТА НА ДЕЛЕГАТИ ЗА ПРВА И ВТОРА МФЛ ВО НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2022/2023

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ОФС Кичево | Кочо Зердески |
| 2 | ОФС Кичево | Џевдет Далипи |
| | | |
| 1 | ОФС Кратово | Антонио Насевски |
| | | |
| 1 | ОФС Куманово | Ненад Крстевски |
| 2 | ОФС Куманово | Зоран Златановски |
| 3 | ОФС Куманово | Милорад Тренчевски |
| 4 | ОФС Куманово | Арменд Дестани |
| | | |
| 1 | ОФС Липково | Рами Реџепи |
| | | |
| 1 | ОФС Македонски Брод | Ненад Марковски |
| | | |
| 1 | ОФС Неготино | Ангел Ташев |
| | | |
| 1 | ОФС Охрид | Гоце Марковски |
| 2 | ОФС Охрид | Дарко Матески |
| 3 | ОФС Охрид | Никола Цветкоски |
| | | |
| 1 | ОФС Прилеп | Славчо Ѓоргијевски |
| 2 | ОФС Прилеп | Зоран Перески |
| 3 | ОФС Прилеп | Кронослав Мантароски |
| 4 | ОФС Прилеп | Ацо Алексоски |
| 5 | ОФС Прилеп | Благоја Гешоски |
| | | |
| 1 | ОФС Пробиштип | Павле Игњатов |
| 1 | ОФС Ресен | Емин Кранли |
| | | |
| 1 | ОФС Скопје | Хајро Бабачиќ |
| 2 | ОФС Скопје | Тони Николовски |
| 3 | ОФС Скопје | Цветко Костовски |
| | | |
| 1 | ОФС Струга | Гоце Шопоски |
| 2 | ОФС Струга | Мухамед Шаиновски |
| 3 | ОФС Струга | Илир Бектеши |
| 4 | ОФС Струга | Јакуб Ќазимовски |

ЛИСТА НА ДЕЛЕГАТИ ЗА ПРВА И ВТОРА МФЛ ВО НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2022/2023

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ОФС Штип | Мијалче Мацунаров |
| 2 | ОФС Штип | Гоце Ефтимов |
| 3 | ОФС Штип | Венцо Зафиров |
| | | |
| 1 | ОФС Тетово | Сулејман Ибиши |
| 2 | ОФС Тетово | Егзон Османи |
| 3 | ОФС Тетово | Мујдин Исмаили |
| 4 | ОФС Тетово | Иљази Ибрахим |
| | | |
| 1 | ОФС Свети Николе | Илија Стоилев |
| | | |
| 1 | ОФС Кочани | Митко Бојаџиев |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 11-1706/3
07.07.2022 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа член 5в став 2 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев – член, Раде Трајковски-член постапувајки по барањето за промена на име бр. 11-1660/2 од 05.07.2022 година поднесено од Здружение за спорт Фудбалски клуб Детонит Јуниор, Радовиш, со адреса ул. Вардарска бр.123, Радовиш, со ЕМБС 6985866 и ЕДБ 4023014507560, на седницата одржана на ден 06.07.2022 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето за промена на име бр.11-1660/2 од 05.07.2022 година година поднесено од Здружение за спорт Фудбалски клуб Детонит Јуниор Радовиш, со адреса Вардарска бр.123, Радовиш, со ЕМБС 6985866 и ЕДБ 4023014507560.

2. **СЕ ОДОБРУВА**, Здружението за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Јуниор од Радовиш да отпочне постапка за промена на име на клубот во Централен регистар на РСМакедонија и ОФС Струмица, од Здружение за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Јуниор од Радовиш во ФК Здружение за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Плачковица од Радовиш.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Здружението за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Јуниор од Радовиш да достави Решение за извршена промена на име од Централен Регистар на РСМ и нова тековна состојба, веднаш по уписот, имајќи го во предвид крајниот рок за добивање на лиценца за натпреварување во Втора МФЛ.

4. Решението стапува на сила веднаш, да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 05.07.2022 година, го разгледа Барањето бр. 11-1660/2 од 05.07.2022 година поднесено од Здружение за спорт Фудбалски клуб Детонит Јуниор Радовиш. Комисијата утврди дека клубот ја известува Комисијата за намерата за промена на име и бара одобрение за промена на името на клубот од Здружение за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Јуниор од Радовиш во Здружение за спорт Фудбалскиот клуб Детонит Плачковица од Радовиш. Како прилог на барањето доставена е Одлука за промена на име на клубот заведена под бр. 03-04/07-1 од 04.07.2022 година и Известување бр. 03-04/07-3 од 04.07.2022 година . Комисијата утврди дека согласно член член 5в став 2 алинеа 1 од Правилникот за регистрација, статус и

трансфер на фудбалери утврдено е дека: Клуб може да го промени своето име најдоцна 30 (триесет) дена пред почеток на натпреварувачката сезона, односно пролетниот дел од првенството, по претходно добиено одобрение во пропишана постапка од надлежен орган и тоа за клубови од Прва и Втора МФЛ од Комисија за лиценцирање на ФФМ врз основа на што ја констатира и надлежноста за постапување по наведеното Барање.

По разгледување на доставената документација Комисијата утврди дека е потребно дополнување на документацијата и го задолжи клубот да ја дополни документацијата и достави потврда од ОФС.

На седницата одржана на 06.07.2022 година, Комисијата утврди дека клубот ја дополнил документацијата и доставил Тековна состојба од 18.01.2022 година и Потврда од ОФС Струмица заведена под бр. 03/85 од 06.07.2022 година.

По разгледување на доставената документација Комисијата констатираше дека Барателот е клуб кој се натпреварува во Втора МФЛ. Собранието на клубот на 04.07.2022 година донело Одлука за промена на името на клубот. Како главна причина за промена на името барателот го наведува фактот дека раководството на клубот во соработка со спонзорот на клубот од културни и традиционални побуди поврзани со името Плачковица утврдиле потреба за промена на називот со што сметаат дека клубот ќе биде повеќе прифатен и поддржан.

ОФС Струмица е општински фудбалски сојуз надлежен за територијата на која барателот има седиште и потврдува дека на територија на ОФС Струмица нема друг клуб со исто име какво што барателот навел во одлуката за промена на име.

Согласно погоре наведеното Комисијата утврди дека се исполнети условите за одобрување на барањето по што донесе решение како во диспозитивот.

**Комисија за лиценцирање**
Претседател,
Александар Најдовски с.р

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од приемот на решението до Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

**ДН:**

- ФК Детонит Јуниор од Радовиш
- ОФС Струмица
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: www.ffm.com.mk
Е -маил: ffm@ffm.com.mk